# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ
# ЗА ПЕРИОД ОД 2022 – 2026




ул. 1737 бр.1, 1 000 Скопје тел: 02 3164357, 02 3213799
www http://oukimcentar.edu.mk/ email oukimsk@yahoo.com

**Датум: декември 2021**

# ПРЕАМБУЛА

Основното образование се развива врз низа начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во општестениот животот, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, автономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

Врз основа на **Законот за основно образование**, објавен во Службен весник н РСМ,бр.161 од 05.08.2019 година,односно:

**Член 49**

1. Основното училиште изготвува **Развојна програма** за работа.
2. Во **Развојната програма** за работа се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште** бр.18-6579, изготвен од Министерот за образование и наука (објавен 06.07.2020) изготвена е **Развојната програма** за работа на ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-Центар, Скопје.

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД....4
1. Податоци за основното училиште....5
1.1.Идентификациони податоци за основното училиште .... 5
**1.2.Историјат на основното училиште** .... 6
**1.3.Специфики кои го каракактеризираат основното училиште во однос на другите училишта** .... 7
2.Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште....8
**2.1.Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка**.... 8
**2.4.Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства** .... 10
**2.5.Материјално-финансиско работење на училиште**.... 13
3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа....14
4.Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години ....15
**4.1Самоевалуација на основното училиште**.... 15
**4.2.Интегрална евалуација на основното училиште 20-22.11.2019 г.** .... 17
5.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа) ....21
**ЕРАЗМУС+ КА2** (Нациналнa агенција Норвешка) проект размена на добри практики, како меѓународен фактор кој влијае врз нашето училиште. .... 24
**5.1.SWOT анализа**.... 25
6.Мисија и визија на основното училиште....26
7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период ....27
8.Соработка на училиштето со родителите/старателите ....38
9.Соработка на училиштето со општината, институции од областа на образованието, НВО, и др. ....39
10.Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште ....41
11.Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште....42
12.Заклучок....42
13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ....43
14.Користена литература ....43

## ВОВЕД

Развојната програма за работата на ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-Центар Скопје претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следењето и евалуацијата на Развојната програма во периодот од четири години (од 2022 – 2026 година), со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

Оваа Развојна програма содржи: податоци за училиштето, преглед на ресурсите со кои располага училиштето, подрачје на работа на училиштето, евалуација на работата на училиштето во претходните четири години (интерна и екстерна), фактори кои влијаат на развојот, мисијата и визијата на училиштето, стратешки цели и приоритетни подрачја, соработката на училиштето со родителите, општината, институциите и начин на следење и евалуација на имплементацијата на Развојната програма.

Оваа развојна програма е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование
- Законот за наставници и стручни соработници
- Законот за работни односи
- Законот за јавни набавки
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статутот на училиштето
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Наставниот план за основно образование
- Наставните програми по предметите кои се реализираат во основното образование
- Годишните програми на училиштето од претходните четири години
- Извештаите за работата на училиштето од претходните четири години
- Извештајот од интегралната евалуација на училиштето во 2019 година
- Самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2019 – 2021 година и
- Самоевалуацијата на училиштето за периодот од 2017 - 2019 година.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1.Идентификациони податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР-СКОПЈЕ** |
| Адреса | Ул. 1737 бр.1 |
| Контакт телефон | Тел. 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| Место, општина | Скопје, Центар |
| E- mail | oukimsk@yahoo.com |
| Веб страница | http://www.oukimcentar.edu.mk |
| Ден на училиштето | 24 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето м$^2$ | 3 101 м$^2$ |
| Училиштен двор м$^2$ | 1 000 м$^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 800 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 407 |
| Број на паралелки | 20 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни потреби | не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на македонски јазик во текот на 185 години (од далечната 1836 година до денес). |

## 1.2.Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-Центар Скопје е најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на македонски јазик во текот на 185 години (од далечната 1836 година до денес).

**Прв период (1836-1945год.)**

Во 30-тите години на 19 век се отворило првото словенско ќелијно училиште во Скопје и тоа во дворот на новоизградената црква „Света Богородица“ во 1836 год. каде за прв пат децата учеле само на својот мајчин јазик. По покана на градските првенци за учител во училиштето, дошол преродбенскиот учител и народен просветител Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Неговото доаѓање означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на градот Скопје. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети и новиот, земен систем на настава; вовел и клупи и современи наставни средства (земни таблици, песочница, географска карта, глобус и сл.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. За намената што ја добило училиштето била подигната нова училишна зграда.

**Втор период (1945-1991год.)**

Веднаш по ослободувањето на Скопје училишното ѕвоно повторно се огласило повикувајќи 475 ученици кои следеле настава од прво до седмо одделение. Училиштето и понатаму го задржало дотогашното име „Св. Кирил и Методиј“. Во наредните години бројот на учениците рапидно расте и наставата се изведува во две смени. Во 1961 година училиштетето прераснува во осумгодишно. По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. наставата се изведувала во монтажна барака со три училници и во неа се одвивала настава во три смени со скратени часови од по 40 минути. Новата училишна зграда е предадена во употреба на 28.12.1964 год. во која се сместуваат уште две училишта (економското училиште „Моша Пијаде“ и гимназијата „Орце Николов“) се до 1968 год. Во учебната 1973/74 год. училиштето го губи зборот „Свети“ во својот наслов.

Во 1978 год. на училишниот колектив му е доделена наградата „13 Ноември“ за придонес во ширење на просветата и културата кај младите. До 1979 година во овој период се школувале 16260 ученици.

**Трет период (1991 до денес)**

Во 1993 год. на свечена седница на Окружниот стопански суд училиштето се пререгистрира во „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје. Во овој период во училиштето завршиле околу 20854 ученици. Во денешно време училиштето го следи брзиот техничко-технолошки развој и стремежот за приближување кон европските стандарди во секојдневната работа. Покрај академски и интеркултурни стандарди училиштето посебно се залага за развивање на свеста и разбирањето на други култури, нивно почитување, взаемна комуникација и соживот.

Училиштето е верифицирано од ИО – ГНОО на Град Скопје од 1985 година.

## 1.3.Специфики кои го каракактеризираат основното училиште во однос на другите училишта

Свети Кирил и Методиј Скопје, Центар е најстарото училиште во нашата земја, во кое уште од 1836 година непрекинато се одвива настава на македонски јазик. Со погодна местоположба, во центарот на градот, училиштето низ годините опстојува како лулка на мултиетничка средина, а нашите ученици од различни етнички заедници ја негуваат меѓуетничката толеранција. Ваквиот интеркултурализам е пример како треба да функционира едно модерно, европско, мултикултурно општество.

Креативноста, иновативноста и отвореноста за нови проекти и видици се наше секојдневие. Како училиште целиме кон развивање на свест за чиста околина, здрави и среќни генерации, надминување на стереотипите и предрасудите, за што тековно организираме различни работилници со нашите ученици.

Во непосредната околина на училиштето се наоѓаат уште 7 основни училишта, средни училишта и факултети, исто така има голем број организации за развојот на физичка култура, музеи, кино сали, театри, библиотеки и др. Училиштето активно соработува со институциите: НУБ, МОБ, МТВ, УКИМ, ФИНКИ, Општина Центар, Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ и фондација „Песталоци“ „Пријатели на образованието“, „Eco - Logic“ „Нансен дијалог центар“ и други невладини организации. Училиштето ги опфаќа учениците од централното градско подрачје и ученици од околните населби.

### Проекти кои се реализираат во училиштето

*Во училиштето се реализираат следните проектни активности:*

- ✓ Мали, но чудесни роботчиња I, II и V одд.
- ✓ E - Twinning проекти (Christmas coding, My Compassionate Clas, Natural Language of Technology, Cultural Ambassadors in Historical Places)
- ✓ ROBY-Robotic versus Bullying
- ✓ Училиште на 21-ви век
- ✓ Ослободување на училиштата од пластика SPEM (School Plastic Free Movement)
- ✓ ЕРАЗМУС+ КА2 проект размена на добри практики ,,The WOW Experience,,
- ✓ Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран
- ✓ Антикорупциска едукација на учениците
- ✓ Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето
- ✓ Емпатико
- ✓ Интеркултурна интервенција во наставата со „Нансен“
- ✓ Заштита на животната средина и климатски промени
- ✓ 17те Цели за оддржлив развој на животната средина на UNDP
- ✓ Магична интеркултурна пријателска мрежа
- ✓ Интеркултурна вртелешка

## 2.Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1.Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | Стручна подготовка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 20 | 20 | VII | 1 | VI | | |
| | Предметна настава | 23 | 19 | VII | 2 | VI | 2 | VIIA |
| Раководен кадар | | 1 | 1 | VII | | | | |
| Стручни соработници | | 4 | 3 | VII | 1 | VII | | |
| Административни службеници | | 1 | 1 | VII | | | | |
| Помошен и технички кадар | | 7 | 7 | IV | | | | |

### 2.2.Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број н вработен Технички персонал | Број на вработен Раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 1 | 1 | 2 | / | 2 | / |
| Од 10 до 20 години | 7 | 16 | / | 1 | 1 | / |
| Од 20 до 30 години | 7 | 4 | 1 | / | 3 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 5 | 3 | 1 | / | 1 | / |
| Вкупно | **20** | **24** | **4** | **1** | **7** | **1** |

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 55,25 $m^2$ | 3 | Потребно е реновирање на дел од училниците и доопремување на кабинетите |
| Кабинети | 14 | 55,25 $m^2$ | 3 | |
| Библиотека | 2 | 38,50 $m^2$ | 3 | |
| Медиатека и читална | / | / | / | |
| Хемиска лабараторија | 1 | 110,50 $m^2$ | 3 | |
| Спортска сала и галерија | 1 | 600,00 $m^2$ | 5 | |
| Канцеларии | 2 | 10,50 $m^2$ | 4 | |
| Училиштен двор | 1 | 1000 $m^2$ | 2 | |
| Помошни простории | 5 | 10,50 $m^2$ | 3 | |
| Кујна и трпезарија | 1 | 186,75 $m^2$ | 3 | |
| Подрум | 1 | 41 $m^2$ | 2 | |

## 2.4.Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства

| Наставен предмет | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | | |
| Училници за одделенска настава | Смарт табли - 7<br>Компјутери - 7<br>Лаптопи - 4<br>Принтери - 11<br>Телевизор со андроид уред - 3<br>Таблети - 10<br>**Македонски јазик**: Песочни табли/кутии за цртање и пишување, звучна азбука, едукативна игра есколорио, картички со македонска азбука, секоја училница има мини библиотека<br>**Математика:** комплети за тема „Броеви броење**“ (**броеви до 100, парчиња С Д Е, математички картички, мали дрвени сметалки, математички картички со стрелки, математичка авантура, коцки во боја, постер бројна оска,модел на цело – дропки, )<br>комплети за тема „Мерење“, (аналоген часовник со стрелки, вага, мерици за течност, мерила за должина)<br>комплети за тема „Геометрија“ (сет 3Д - форми и нивни мрежи, логички плочки, геотабла)<br>**Општество: (I - III)**<br>семафор, знакот стоп, униформи, стетоскоп, докторски прибори, возила: амбулантно, противпожарно или полициско возило, постери (годишни времиња, овошје зеленчук, превозни средства, дом и семејство), картички со емоции<br>**Природни науки:** очна табела, играчки со мотор/механизам за навивање, постери (диви и домашни животни, моето тело, пирамида на правилна исхрана), едукативна магнетна игра облека момче - девојче, едукативна магнетна игра моето тело<br>**Ликовно образование:** основни ликовни материјали (стручна литература), изработки од ученици<br>**Музичко образование:** синтисајзер | Смарт табли - 3<br>Лаптопи - 6<br>Таблети - 20<br><br>**Македонски јазик**: сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки), анимирани филмови, образовни софтвери, постер со ракописни латинични букви, енциклопедии, стручна литература, нови наслови на лектирни изданија, интерактивни сликовници, енциклопедии и постери<br>**Математика:** бројалка со дрвени топчиња, дигитален часовник, монети и банкноти, манипулативи за броење, апарат и фолии за пластифицирање<br>ѕидни постери со формули и таблиците за множење и делење<br>**Општество:(I - III)** сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции, сложувалка со знамето на РСМ и градот Скопје, постери со сообраќајни знаци, сообраќајни средства, глобус, постери за темите кои се обработуваат: „Односи во семејството“, „Јас и другите“, „Училиштето и знаењето“ „Мојот роден крај“, образовни софтвери, фотографии (постери) од убавините на нашата татковина и ЕУ,<br>**Општество и историја (IV-V):** дигитални паметни уреди, илустративен приказ на знамето и грбот на Република Северна Македонија, нема карта на РСМ, енциклопедии, речници, географски атлас, визуелни прикази за карактеристиките на населението на континентите (боја на кожа, традиција...), календар за сметање на времето и илустрации од историски календари, илустративен приказ на историските периоди, прикази за археолошки наоѓалишта во светот и нашата држава, временска лента за настани од минатото, од праисторијата до денес, универзалната декларацијата за човекови права, фотографии од борците за човекови права (Роза Луксембург, Мартин Лутер Кинг и Нелсон Мандела)<br>**Природни науки:** мали теглички, детски играчки (топки, автомобилчиња, јаже, шишенца со сапуница, ситни метални предмети (монети,спојувалки, накит и сл.), струјни кола, модел на сончев систем, различни видови на материјали, светилки, книги со приказни по теми, примероци од различни видови почва, постери од темите: животни процеси, материјали, растенија што цветаат, сили, сетила и одржување на здравјето, делови на растение постери со синџири на исхрана, |

| | | |
|---|---|---|
| | | пластичен скелет на човек, модели и постери со сетила за слух, вид, мирис, допир и вкус, термометри, фонометар, опрема за изработка на струјни кола, илустриран материјал за формата на Земјата, Земјини обвивки/сфери, релјеф и релјефни форми, работни листови, интерактивни сликовници<br>**Ликовно образование:** постер со основни бои, средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, еколошки бои и др.), украсна хартија, кофи за вода, постери за ликовни елементи и принципи, хамери бели и во боја, енциклопедии за историја на ликовна уметност и архитектура, четки во различни големини<br>**Музичко образование:** детски ритмички инструменти<br>**Техничко образование и информатика:** компјутери и проектор, алат (ножички, скалпел), прибор и материјал за работа, дидактички и други визуелни средства: слики, слајдови, модели, макети и др. |
| Фискултурна сала | Гимнастички душеци, подвижни монтажни кошеви, одбојкарска мрежа, алпинистички карпи, пинг-понг маса, мали фудбалски голови, меки подлоги за вежбање, јажиња за скокање, спортски топки за ракомет, кошарка, фудбал, одбојка, високи и ниски чуњеви, маркери за подлога, конуси, пинг-понг рекети и топчиња, пластични препреки за тренирање, простирки,<br>стапови за тренирање. | Помали и поголеми топки, тениски топчиња, пинг-понг топчиња, балони и топки за спортски игри, обрачи, гумени и дрвени палки, јажиња, ниски и високи чуневи, конусни маркери, морнарски скали за подлога, координациски скали, ниски справи од спортска гимнастика, шведски скали, висечки јажиња, рипстоли, шведска клупа, ниски кошеви,, јарец со мека облога од природна кожа, шведски сандак од 5 сегменти, отскочна даска од посебно обликувани врзани плочи, клупи за одење или седење |
| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | | |
| **Наставен предмет** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
| Кабинети по македонски јазик | Опремена со постери, шеми, табели, илустрации, табла, компјутер, телевизор, | Смарт табла, печатач, нови наслови на лектирни изданија, стручна литература |
| Кабинети по математика | Опремени со основни нагледни и дидактички средства | Смарт табли – 2, Принтери -2, Лаптопи – 2, LCD проектор |
| Кабинети по англиски јазик | Опремени со нагледни средства, постери и слики, компјутер, лцд и платно | Пакет стручна литература<br>Смарт табла, принтер, звучници, лаптоп |
| Кабинет по германски јазик | Интерактивна дисплеј табла | Пакет дигитални книги |
| Кабинети по природни науки | Пакетот за природни науки е комплетиран и е во согласност со новата концепција. | Смарт табла 3, Принтери – 2, Лаптопи – 2, LCD проетор |
| Кабинет по географија | Опремен со наставни и нагледни средства и според новата концепција за шесто одд. | / |
| Кабинет по историја | Историски карти, тв, двд, периодизација на историјата | Смарт табла, лап топ, таблети |
| Кабинет по информатика / техничко обр. | Опремен со компјутери од донација на НГО Едуспјс4скул: 6 PC, 3 Лаптоп компјутери | Обична бела табла или Смарт табла, Тонер за принтер, Кабли за 2 / 24” монитори за струја, Принтер во боја |
| Кабинет по музичко образование | смарт табла и компјутер, пијано, детски музички инструменти, ритмички ДМИ, дајриња во различни | блок флејти -YAMAHA<br>2 глокеншпила, |

| | | |
|---|---|---|
| | големини, тропалки маракас, повеќе пара дрвени ритмички стапчиња, пар кастањети, пар чинели, триангла, прапорци, дрвени барабани, мелодиски ДМИ, ксилофони (глокеншпил), блок флејти, мелодики, лаптоп, ДВД и телевизор, принтер. | класичен метроном |
| Кабинет по ликовно образование | Компјутер, нагледни средства, мала библиотека со каталози од уметнички изложби. Дополнителна просторија - Графичко ателје кое е опремено со сите потребни материјали за изработка на графика (висок и длабок печат) како и графичка преса. | Смарт табла или проектор и темни завеси, принтер во боја, литература за историја на уметност, монографии од наши уметници, историја на македонската уметност и археологија, геометриски модели и предмети за цртање, сликање, моделирање по набљудување. |
| Сензорна соба | Полутопка, виножитни јажиња, феликс, аудитима, весели топчиња, квадрата, гасеница, транспарентни броеви, транспарентни букви, дрвени магнет букви, танграм сложувалка, домино, дрвени дидактички скали, дрвен едукативен часовник, геометриски парови, игра со броеви, дрвена јенга игра, интерактивен лавиринт, проектна лампа, сјаен панел, диско топка, монитор на допир, големи шарени тастаури, тастаура во боја, шатор, издвоени клика, trackball со кружен клик, базен со топчиња, конфигурабилни џоистици за компјутер, едукативни игри, таблети на реверс, светлосен панел А3, магнетна бела табла, мунтифункционална жирафа дрвена играчка, ѕидни постери со броеви до 100 множење и делење / кирилични и латинични букви / делови од телото / животни / годишни времиња, сложувалки, татами со броеви и геометриски форми | Трамболина, светлосна туба, оптички влакна, огледало за истражување, конвексно огледало, лед маракас, осветлено дајре, дрвена коцка за активности, двобојни лава цевки, сет од 10 сензорни топки, лејзи бег, пиклеров триалголник, панели со различна текстура, сензорна патека |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

ООУ „Св.Кирил и Методиј“– општина Центар –Скопје, материјално финансиското работење го спроведува согласно **Законот за Буџетите и буџетските корисници** (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17).

Според **Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници** (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од **Упатството за начинот на трезорското работење** (Сл.весник на РМ БР.219/18) буџетските корисници единки се задолжени да водат посебно сметководство за буџетските и посебно за сопствените приходи ,според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања (уплати и исплати на тие средства)

Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски 

- 903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
- 603 - Наменска - Сметка на буџет – општина
- 787 - Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (Основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор и воредни приходи).
- 785

Училиштето како единка корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално финансиски, потребно е да изготви Финансиски план за наредната година и тоа посебно за 903- Наменски дотации и 787 – Самофинансирачки дејности.

Во изготвувањето на финансискиот план зема учество – Директорот на училиштето, сметководителот и стручната служба на училиштето.

Предлог финансиските планови се доставуваат до Училишниот одбор на училиштето. Се разгледуваат и усвојуваат. Се донесува Одлука за усвоен Предлог финансиски план за наредна година.

По усвојувањето и донесување Одлука истиот се доставува до општина – Центар –Скопје, каде Предлог финансискиот план се разгледува и одобрува на седница на Совет на општината.

Планираните приходи за учебната 2021/2022 год. се распределени по одделни ставки за нивна реализација како расходи и тоа

- Патни дневни
- Комунални услуги
- Материјали
- Тековно одржување
- Договорни услуги
- Тековни расходи
- Купување на информатичка опрема
- Купување на училишен мебел
- Купување на книги за библиотека.

**3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

Во Македонија во 2007 година се воведе задолжително деветгодишно основно образование, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години. Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво и во IV и V оделение како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение. Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науки физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник. Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2018/2025. Од учебната 2019/2020 година беше воведена реализација на тандем настава по физичко и здравствено образование во прво одделение од одделенски наставник и предметен наставник по ф.з.о.; и изборни предмети во трето одделение Јазик и култура на Србите, односно Јазик и култура на Турците за припадниците на српската и турската заедница.

# 4.Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

## 4.1Самоевалуација на основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | -Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Кај педагошката служба на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава и проширени програми во печатена или електронска форма. Секој наставник заедно со инклузивните тимови за учениците има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби. Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медаљи, пофалници, дипломи, а сето тоа води кон поголема афирмација на училиштето. Повремено се одржуваат интерни работилници на почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава. Со оглед на онлајн наставата и сите предизвици што истата ги носи, наставниот кадар во целост ги реализира предвидените НПП. Потребно е вклучување на родителите и заедницата во планирање, организација и реализација на културно – јавните настани, наставните и вонаставни активности во училиштето, преку поставување на работен календар на претстојните активности на веб старана на училиштето и простор за предлози и коментари преку кои родителите, локалната и деловна заедница ќе имаат можност да ги искажат своите идеи и иницијатива за соработка. |
| Постигнувања на учениците | Наставниците во текот на целата учебна година систематски ги следат постигнувањата на учениците и водат индивидуален дневник во кој ги бележат сите активности од страна на учениците. Наставниците планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците и заедно со педагошката служба се врши идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби. Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците. Редовно и навремено се реачизира советување на родители и ученици со намален успех и нередовност во наставата. Се реализираат дополнителна и додатна настава. Учениците редовно учествуваат на натпревари и постигнуваат високи резултати. Нема ученици кои не го завршиле образованието. Потребно е дообучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици и работа со децата со посебни образовни потреби. Потребно е и продолжување со активности за подобрување на мотивацијата кај учениците за повисоки постигнувања во учењето и поактивно вклучување на родителите во процесот за подобрување на постигнувањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес. |
| Учење и настава | Редовно и навремено се планира наставната работа во училиштето.<br>- Планирањето на наставната работа во согласност со Наставниот план и програма даден од МОН<br>- Секој наставник заедно со инклузивните тимови за учениците има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби.<br>- Во учебната 2020/2021 година училиштето оствари сестрана соработка со сите релевантни фактори меѓу кои НВО Отворете ги прозорците, Детската фондација Песталоци, родители и други, за опремување на Сензорна соба преку изведување на електронска аукција со цел обезбедување |

| | |
|---|---|
| | средства за опремување на истата.<br>- Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.<br>- Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари.<br>- Одржување на повремени интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава.<br>- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.<br>- Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место.<br>- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи употреба на ИКТ ).<br>- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.<br>- Редовно и навремено информирање на родителите и учениците за постигањата на учениците во учењето<br>- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.<br>- Наставниците во процесот на подучување користат различни техники.<br>- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа.<br>- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Исто така училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на вонаставните активности.<br>- Со оглед на онлајн наставата и сите предизвици што истата ги носи, наставниот кадар во целост ги реализира предвидените НПП |
| Поддршка на учениците | Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. Редовна инволвираност на наставниците во обуки и семинари и нивна дисеминација. Инфраструктурата редовно се одржува. Наменски се користат буџетските и материјалните средства. Потребно е финансирање на училиштето за подобрување на неговата инфраструктура и опременост на училиштето со стручна литература и нагледни средства особено со современи технолошки апарати за реализација на наставата. |
| Училишна клима | Постои добра двонасочна комуникација помеѓу директор- вработени во училиштето. Редовно се обезбедуваат информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените и навремено споделување на информациите за непречено реализирање на наставата. Редовно одржување на состаноци на ниво на паралелка согласно годишната програма и редовно одржување на состаноци на ниво на актив каде присуствуваат сите членови и се дискутира |

| | |
|---|---|
| | најчесто за програмата за работа, соработка, идеи, искуства, проекти… Одлична соработка помеѓу наставниците од ист или различен актив при што има постојана размена на идеи и искуства како и редовни дисеминации и комуникација ментор- приправник. Потребата и поддршката за соработка со стручните соработници е на високо ниво (при решавање на конфликтни ситуации со учениците, идентификување на учениците со ПОП) и редовно вршат посета на отворени и интегрирани часови. Учениците слободно и самостојно бараат помош и поддршка од стручните соработници. Стручните соработници во училиштето се секогаш отворени за соработка. Наставниците имаат воспоставено добра комуникација, еднаков приод, меѓусебна соработка и почит со своите ученици. Се остварува добра соработка со родителите. Редовен поттик и насоки за правилен избор на идно образование. Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции и хепенинзи со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите категории како и друг вид хуманитарни акции и аукции. Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Постои соработка со релевантни институции од областа на образованието и граѓански здруженија. Потребна е поголема комуникација со потецијални донатори и бизнис секторот. |
| Ресурси | Взаемно почитување на наставниот кадар, директорот и педагошко-психолошката служба во училиштето. Соработката на наставниот кадар меѓусебно, со учениците и родителите е на високо ниво. Постои толеранција, почит и разбирање кон етничката, родовата и мултикултуралната различност. Постои родовата сензитивност и мултикултурализмот, кои се предуслов за работа и се негува во најголема мера. Изготвен е правилник и Кодекс на однесување кој се почитува. Постојано се работи на нови проекти кои вродуваат со успех како кај учениците така и кај наставниците. Обуките и едукациите на наставниците се одвиваат во голема мера и во услови на пандемија (online) во согласност со интересите на наставниците. Родителите се вклучени на обуки на тема МИО. Кога има потреба од хуманитарни акции и хепенинзи се спроведуваат со цел да се помогне на ученици од социјално ранливи семејства. На натпреварите кои се одржуваат на општинско, градско и државно ниво училиштето постигнува значајни резултати кои овозможуваат репрезентативност. Работата на Ученичкиот парламент е успешна. Потребна е поголема транспарентност во однос на промовирањето на стекнатите достигнувања (дипломи, медаљи и признанија) на учениците и наставниците како во училиштето така и надвор од него и градење стратегија за награда на талентираните ученици. Остварување на идејата да се заштити училиштето како дел од културното наследство и како спомен обележје на учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов – Џинот. |
| Управување, раководење и креирање политика | Изработени се правилници. Постои одговорност и стручност од наставниот кадар. Остварена е и зголемена планираната соработка со родителите со работилници и обуки. Остварена е планираната соработка со општината и институциите. Остварена е и проширена планираната соработка со невладиниот сектор и деловната заедница. Потребно е подобра соработка и поддршка од страна на општината и локалната заедница. |

## 4.2.Интегрална евалуација на основното училиште 20-22.11.2019 г.

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во поголем број наставни програми што се реализираатУчилиштето планира и реализира голем број вonнаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето организираат заеднички воннаставни активности и со училишта со настава на друг наставн јазик.Во наставните планови и програми потребно поголем број на содржини и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието,како и активности каде ќе се негува родова енаквост и прифатеност на децата со посебни потреби.Недостасува иницијативи и вклучување на родителите,наставници во креирање на наставните планови и програми. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализи на крајот од првото полугодие споредени со постигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се одличен. Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е одличен (4.63).Во последните три учебни години нема учениците кои не го завршиле одделението.Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот и друг реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. |
| Учење и настава | Редовно и навремено се планира наставната работа во училиштето. Планирањето на наставната работа е во согласност со Наставниот план и програма даден од МОН. Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот. Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари. Повремено се одржуваат интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава. Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ. Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место. Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи употреба на ИКТ ). Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Редовно и навремено информирање на родителите и учениците за постигањата на учениците во учењето. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување. Наставниците во процесот на подучување користат различни техники. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Потребно е соработката помеѓу училиштето и родителите да се подигне на повисоко ниво, сѐ со цел да се подобри целиот наставен процес. Потребно е поставување на работен календар на претстојните активности на веб старана на училиштето и простор за предлози и коментари преку кои родителите и учениците ќе имаат можност да ги искажат своите идеи и иницијатива за соработка. |
| Поддршка на учениците | Од досегашната работа и искуство како и според фактичката состојба, училиштето и училишниот двор се безбедно место за одвивање на наставата и други видови активности. Севкупната грижа се води за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност. Се води грижа за здравјето на учениците. Во училиштето не се регистрирани поголеми облици на насилство. Во училиштето постојат механизми за навремено справување со конфликти и секаква форма на насилно однесување. Постои разработена стратегија за задоволување на емоционалните, физичките и психичките потреби на учениците. Училиштето низ работилници и разни содржини води политика за спречување на насилството, забрана на пушење, конзумирање на алкохол и дистрибуција на наркотици. Реализирање на овие теми се дел од програмата на училишниот психолог, Клуб на Црвен Крст, одделенски наставници. Постои добра соработка со институции од локалната средина и надворешни стручни лица (Поликлиника Бит Пазар, ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци, МВР, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, Црвен Крст, средни училишта и др.). Учениците редовно се поттикнуваат и насочуваат за правилен избор на идно образование. Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции и хепенинзи со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите категории како и друг вид хуманитарни акции и аукции. Училиштето ја поддржува инклузивноста и ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение. Истата по потреба е достапна за наставниците, родителите и учениците. Училиштето ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба што истата квалитетно ја извршува. Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик и изготвуваат извештај за секој период од учебната годуна, стручната служба изготвува и редовно прави споредби преку компаративна анализа. Потребна е интервенција на мрежата за одвод или замена на канализациона мрежа во тоалетите со цел подобрени здравствено хигиенски услови, елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени како и заштита од поплавување на училишната зграда. Потребно е и адаптирање на тоалет наменет за учениците со телесен инвалидитет и поставување на лифт за пристапност. |
| Клима во училиштето | Постои взаемно почитување на наставниот кадар, директорот и педагошко-психолошката служба во училиштето. Соработката на наставниот кадар меѓусебно, со учениците и родителите е на високо ниво. Постои толеранција, почит и разбирање кон етничката, родовата и мултикултуралната различност. Родовата сензитивност и мултикултурализмот е предуслов за работа и се негува во најголема мера. Изготвен е правилник и Кодекс на однесување кој се |

| | |
|---|---|
| | почитува. Постојано се работи на нови проекти кои вродуваат со успех како кај учениците така и кај наставниците. Обуките и едукациите на наставниците се одвиваат во голема мера и во услови на пандемија (online) во согласност со интересите на наставниците. Вклучување на родителите на обуки на тема МИО. Кога има потреба од хуманитарни акции и хепенинзи се спроведуваат активно вклучувајќи ја локалната и деловната заедница со цел да се помогне на ученици од социјално ранливи семејства. На натпреварите кои се одржуваат на општинско, градско и државно ниво училиштето постигнува значајни резултати кои овозможуваат репрезентативност. Работата на Ученичкиот парламент е многу успешна. Потребна е поголема транспарентност во однос на промовирањето на стекнатите достигнувања (дипломи, медаљи и признанија) на учениците и наставниците како во училиштето така и надвор од него и градење стратегија за награда на талентираните ученици. Училиштето има потреба од остварување на идејата да се заштити училиштето како дел од културното наследство и како спомен обележје на учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов – Џинот. Потребна е и подобра соработка и поддршка од страна на локалната заедница. |
| Ресурси | Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. Наставниците се инволвирани во обуки и семинари, нивна дисеминација. Редовно се одржува на инфраструктурата. Буџетските и материјалните средства наменски се користат. Тимот за професионален развој континуирано ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар се одвива на интерно и екстерно ниво. При распределба на кадарот се земаат предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставата. Во училиштето се организира тимска работа. Обуки и дисеминација од обуките за потребите на деца со ПОП. Нема доволно финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и надополнување на библиотечниот фонд со стручна литература. Потребно е финансирање на училиштето за подобрување на неговата инфраструктура, како и поголема опременост на Училиштето со стручна литература и нагледни средства особено со современи технолошки апарати за реализација на наставата. Потребна е финансиска поддршка од локалната самоуправа за потребите на стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар. |
| Раководење, управување и креирање политики | Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. Наставниците се постојано вклучени во обуки и семинари, нивна дисеминација. Редовно се одржува инфраструктурата. Користењето на буџетските и материјалните средства е наменско. Потребно е финансирање на училиштето за подобрување на неговата инфраструктура. |

## 5.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

**Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето**

Локалната средина е значаен фактор врз развојот на едно училиште. Тоа е важно, бидејќи таа претставува своевиден ресурс за остварување на воспитно-образовниот процес на секое училиште. Нашето училиште се наоѓа во централното градско подрачје на Скопје, поточно во општината Центар, опкружено со многубројни културно-образовни институции (музеи, кина, театри, културно–историски споменици, стопански објекти, судови, библиотеки, факултети, училишта и сл.) што за нас претставува можност за посети и соработка со истите со цел поддршка во процесот на образование. Меѓутоа во изминатите четири години опкружувањето на училиштето не влијаеше позитивно на бројот на новозапишани ученици бидејќи нема нови згради и нови населби, а околината претставува административно-деловен реон на градот Скопје и со тоа влијае запишувањето на учениците да биде од други реони и по желба на родителите. Составот на учениците е интеркултурен и наставата се одвива на македонски јазик, кој учениците активно го користат. Во учебната 2020/2021 година започна соработка со ОУРЦ “Иднина” за поддршка на учениците со ПОП, што ни обезбедува образовна асистенција и поттик во личниот развој на овие ученици. Локалната заедница учествуваше во подобрувањето на условите за работа во училиштето преку вклучување во фандрејзинг акциите за обезбедување на средства за опремување на новата сензорна соба. Соработката особено е интензивна и при прославувањето на бројни празници како што се „ Ден на Општина“, „Денот на екологијата“, манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

**Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето**

Со прогласување на **Законот за основно образование** што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седница одржана на 30 јули 2019 година се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во нашето училиште, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Дејноста на основното образование е од посебен јавен интерес и ги опфаќа учениците на возраст од 5 години и 8 месеци, односно 6 години , до 14 години и 5 месеци , односно 15 години и е организирано во три периода и тоа: од I до III одделение, од IV до VI одделение и од VII до IX одделение (во траење од девет години), но со можност на вклучување и на возрасни лица согласно **Законот за основно образование на возрасни**. Воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програма, кои на предлог на БРО ги утврдува МОН, односно на предлог на БРО и на Државниот испитен центар, Министерот за образование и наука донесува стандарди за утврдување на квалитетот на основното образование.
Со реформите од 2007 година се случија следниве законски измени во основното образование:

➢ **Програма за советување на родители и Програма за советување на ученици** со цел да се зајакнат стручните служби во училиштата;

➢ БРО во периодот од 2007 до 2015 година изготви 26 прирачници и изведе низа обуки за наставници, реализирани од страна на приближно 500 обучувачи во кои учествуваше и нашето училиште;

➢ Учениците со ПОП следат настава инклузирани во редовната настава;

➢ Наставниците од нашето училиште се обучени за работа со овие категории на ученици;

➢ Во 2011 година ДПИ воведе индикатори за квалитетот на работата во училиштата, кои се ревидирани во минатата година. Со примената на овие индикатори се оценува квалитетот на воспитни-образовниот процес, се дефинираат силните и слабите страни во работењето и се даваат препораки за подобрување. Индикаторите исто така помагаат и во постапката за самостојна евалуација на училиштето и во интегралната евалуација што ја врши ДПИ. Со цел да се обезбеди контрола на квалитетот на работата на наставниците во процесот на интегралната евалуација се вршеше и оценување на успешноста на нивната работа и исполнување на работните должности, а истата е укината во 2019 година. За наставниците кои прв пат се вработуваа воведени се: задолжително полагање на тест на личност и стручен испит за наставник, а тестот на личност е укинат во 2019 година;

➢ Во 2012 година отпочна 5 годишен проект за Меѓуетничка интеграција во образованието. Целта на оваа иницијатива беше во земјата да се создаде општествена и економска клима за поддршка на меѓуетничка интеграција во училиштата. за таа цел училиштата посетуваа обуки и организираа заеднички

активности за наставници и ученици. Реализацијата на овој проект во нашето училиште се реализираше прво со ООУ Сами Фрашери село Пирок Општина Боговиње до 2017 година , а од 2018 година со партнер училиштето ООУ Никола Вапцаров – Скопје и ООУ Братство-Скопје.

➢ Во нашето училиште, како и во сите други во државата, се обезбеди пристап за користење на компјутери во наставата за секое дете. Како дополнителна поддршка се обезбедија преносливи компјутери за реализација на наставата од прво до петто одд. и интернет мрежа;

➢ Во 2013 година е воведен систем на надворешна проверка на постигањата на учениците ( екстерно тестирање) по сите предмети од IV до IX одделение. Пред крајот на наставната 2016/2017 година екстерното тестирање беше укинато;

➢Имплементација на **Меѓународна програма за основно образование** (ИБ) од 2013 до 2018 година во нашето училиште

➢ Направени се поголеми промени во наставата по математика и природни науки, биологија, физика и хемија со воведувањето на **Кембриџ програмата**;

➢ Во рамките на соработката со МИОА училиштето евидентира податоци за човечките ресурси во апликацијата HRMIS;

➢ Со новите измени во образовниот систем во Р.С. Македонија изготвен е стратешки документ **Сеопфатна стратегија за образованието** 2018/2025 со кој се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наредниот период;

➢Планирањето, организирањето и спроведувањето на вонаставните активности е воведено во училиштето во учебната 2020/2021 година дефинирани во **Концепцијата за вонаставни активности во основното образование**

➢ Донесен е **Концепт за развивање на систем за образование од далечина** во основните училишта во Република Северна Македонија поради здравствената криза со вирусот ковид 19 во учебната 2020/2021 година

➢ Новата **Концепција за инклузивно образование** , што овозможи вклучување на образовни и лични асистенти за учениците со ПОП и поддршка на училиштето од страна на ОУРС и центрите за поддршка на учењето

➢ На 3.03.2021 година усвоена е **Концепцијата за основно образование**

На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Прва детска амбасада во светот Меѓаши, ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Музејот на холокаустот, Народниот правобранител, МКЦ, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ **Сеопфатна стратегија за образованието** 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонаставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности
- Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.
- Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето

- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби
- Иницијална обука на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници
- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето ( наставник / стручен соработник, ментор, / стручен соработник - советник)
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили
- Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите.
- **Концепцијата за вонннаставни активности** во основното образование утврдена од министерот во март 2020 год. укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. При тоа да се водат од следните принципи: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество на учениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.
- Во јули 2020 год. предложен е **Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование**. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини, во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес.
- Една од поставените цели во **Стратегијата е интензивирање на примената на ИКТ во образованието** преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење на систем за обновување на копјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи. Според тоа еден од приоритетите во Стратегијата е обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката за дигитална писменост.
- Во јуни 2020 год. донесена е и **Концепцијата за државно тестирање за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието** согласно современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирање е со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование. Ваквите податоци ќе обезбедат докази за развој и унапредување на образовните политики во РСМ во насока на достигнување на современите светски образовни стандарди. Државното тестирање првично ќе биде насочено кон две важни фази на основното образование, односно кон целни групи кои се во тие фази: учениците што се пред завршување на третото одделение и учениците што се пред завршување на петтото одделение. Откако државното тестирање за овие целни групи ќе биде добро воспоставено и кога ресурсите тоа ќе го дозволуваат, ќе се додаде и третата целна група со која ќе се заокружи системот на државно тестирање -учениците што се пред завршување на деветтото одделение. Рамките за оценување со кои ќе се мерат постигањата на учениците по мајчин јазики по математика ќе се засноваат на државните наставни програми за соодветните одделенија. Распоредот предвидува за III одд предтестирање во 2021год, а главно тестирање во 2022 год. за V одд предтестирање во 2023 год, а главно тестирање во 2024год.
- Со **Концепцијата за инклузивно образование** донесена од министерот во јули 2020год., се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на

процесот на спроведување на интервенциите, на најмалку три нивоа на поддршка на учењето: I ниво -општа поддршка, II ниво - интензивирана поддршка, III ниво - посебна поддршка.

На 3.03.2021 година усвоена е **Концепцијата за основно образование** базирана на Националните стандарди за основното образование кои ги содржат знаењата, вештините и ставовите/вредностите што треба да ги стекнат учениците во текот на основното образование и во кои се вградени клучните компетенции за доживотно учење. Дел од нив се стекнуваат преку конкретни наставни предмети, а дел се вклучени во повеќето предмети. Истата се имплементирана во учебната 2021/2022 година во нашето училиште во I и IV одд.

**Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето**

Меѓусебната соработка, размената на искуствата, соработката на заеднички проекти, поддршката во воспитно-образовниот процес се начини кои позитивно влијаат врз развојот на училиштето во соработкакта со меѓународни институции како УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, Американска, Британска амбасада, Холандска амбасада, British Council, Goethe Institut.

Училиштето во 2019/2020 година склучи соработка со ОУ Муса Чазим Чатиќ – Сараево од Република Босна и Херцеговина за реализација на заеднички активности и размена на искуства во воспитно-образовниот процес. Взаемните посети на двете училишта се реализираа , но поради пандемијата наредните посети се планирани за идниот период.

**ЕРАЗМУС+ КА2** (Нациналнa агенција Норвешка) проект размена на добри практики, како меѓународен фактор кој влијае врз нашето училиште.

## 5.1.SWOT анализа

### Организација и реализација на наставата и учењето

| **Предности (силни) страни на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| · Наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат согласно насоките дадени во училиштето и од БРО и од МОН<br>· Редовно планирање и реализација во наставните планови и програми за дополнителна, додатна и СУА во наставата<br>· Подеднаков опфат и третман на сите ученици без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности<br>· Училиштето се грижи за безбедноста на учениците води грижа за нивниот престој во и надвор од училишната зграда<br>· Навремено известување на учениците и родителите за нивниот успех по наставните предмети<br>· Учениците редовно и успешно учествуваат на натпревари, манифестации, приредби, проекти каде што го претставуваат училиштето<br>· Училиштето има изготвено свои правилници, протоколи кои ја уредуваат работата на училиштето<br>· Проектните активности во училиштето<br>· Раководството и управување со училиштето<br>· Искуството на кадарот | · Недоволна опременост со современи наставни средства<br>· Недостаток на реквизити во фискултурната сала<br>· Старост на училишната зграда<br>· Не се посетуваат работните места на родителите во едукативни цели<br>· Намалување на бројот на учениците<br>· Недоволна самокритичност на дел од вработените<br>· Меѓучовечки односи<br>· Неможноста за усовршување на секој наставник во компетенциите кои му се потребни<br>-Функционирање на ИКТ треба да се подобри со современи интерактивни табли<br>-Недоволна вклученост на наставници во процесот на изготвување на Годишна програма и Развојна програма на училиштето |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основонто училиштео** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| · Местоположба на училиштето<br>· Соработка со локалната заедница<br>· Стручна оспособеност на кадарот, континуирано стручно усовршување на вработените<br>· Промоција на училиштето-донори, спонзори<br>· Подобра промоција на училиштето<br>· Поврзување со останати училишта во градот, државата и на меѓународен план<br>-Афирмација на училиштето преку добри практики | · Намалување на бројот на учениците<br>· Заминување на квалитетен кадар од училиштето како резултат на намалувањето на бројот на учениците<br>· Недоволна финансиска поддршка<br>· Социо-економски услови на учениците<br>· Преголемо инсистирање на формалности во реализацијата на програмата<br>· Незаинтересираност на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на условите за работа<br>-Зголемена ангажираност со работни и секојдневни обврски на родителите оневозможува нивно поактивно вклучување во училишниот живот на нивните деца |

## 6.Мисија и визија на основното училиште

***ВИЗИЈА:*** *Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на поттикнување на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето ќе поттикнува еднаквост, ќе почитува различност и инклузивност со верба сите ученици и вработени да создадат стимулативна средина. Веруваме во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.*

.

***МИСИЈА:*** *Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.*

## 7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Подобрување на материјално-техничките услови** | 1.1 Надополнување на библиотечниот фонд со стручна литература |
| | 1.2 Креирање медијатека |
| | 1.3 Реновирање на санитарните јазли и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП |
| **2. Подобрување на поддршката на надарените ученици** | 2.1 Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици |
| | 2.2 Промовирње на стекнатите достигнувања (дипломи), медаљи и признанија |
| | 2.3 Градење стратегија за награда на талентираните ученици |
| **3. Реализирање на активности за заштита на училиштето како дел од културното наследство** | 3.1 Поставување на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот |
| | 3.2 Формирање тим за реализација на активностите од училиштето |
| | 3.3 Соработка со родители, локална заедница и останати институции за реализација на активностите |
| | 3.4 Зголемување на иницијативи од страна на учениците за реализација на активностите во кои учениците би имале носечка улога |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** |
|---|---|

**Стратешка цел 1.** **Подобрување на материјално-техничките услови**
**Развојна цел 1.1. Надополнување на библиотечниот фонд со стручна литература**

**Конкретна цел 1.1.1 Проценка на сегашната состојба со библиотечниот фонд во училиштето**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потреби ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тим;<br>Увид во извештајот од пописната комисија;<br>Изготвување на преглед на постоечкиот библиотечен фонд;<br>Изготвување на анкетни листови за наставниците за согледување на моменталната состојба во библиотечниот фонд;<br>Спроведување на анкета и анализа на резултатите | - Потреба од наставни средства<br>- Увид во пописни комисии<br>- Увид во состојбата на библиотечниот фонд<br>- Спроведена анкета и анализа | Стручни активи<br>Директор<br>Тимот од пописна комисија<br>Наставници | 2023-2026 | Печатач<br>Хартија<br>Компјутер | Директор<br>Тим од наставници и стручни лица |

**Конкретна цел 1.2.1 Набавка на потребна стручна литература по одделни предмети**

| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на приоритетна листа од потребна стручна литература<br>Изготвување предлог буџет<br>Поднесување на барање до спонзори или донатори<br>Прибирање на понуди од добавувачи<br>Избор на најдобар понудувач<br>Набавка на стручна литература | Набавена е стручната литература по одделни предмети од приоритетнат а листа | Работен тим<br>Наставници од сите стручни активи<br>Директор | 2022-2026 | Просторија | Директор<br>Тим од наставници и стручни лица |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** |
|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1. Подобрување на материјално-техничките услови**<br>**Развојна цел 1.2. Креирање медијатека** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1 Опремување на медиатеката со инвентар** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Формирање стручен тим<br>Утврдување на потребата од инвентар<br>Изготвување на Извештај од стручниот тим<br>Набавка на инвентарот | Обезбеден простор за настава, стручно усовршување на наставниците и екстерни обуки | Стручен тим<br>- Хаус мајстор<br>- Сметководител | 2022-2026 | Печатач<br>Хартија<br>Компјутер | Стручен тим<br>- Хаус мајстор<br>- Сметководител |
| **Конкретна цел 1.2.1 Опременување на медиатеката со информатичко- дидактички материјали и литература** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Формирање стручен тим<br>Утврдување на потребата од вид на информатичко- дидактички материјали<br>Изготвување преглед за набавка на потребните материјали и литература | Стручен тим<br>Дефинирана потреба од вид информатичко-дидактички материјали<br>Преглед за набавка на материјали и литература | - Стручен тим<br>- Наставник по информатика<br>- Наставник по математика<br>- Библиотекар | 2022-2026 | Просторија | Стручен тим |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** |
|---|---|

| **Стратешка цел 1.** Подобрување на материјално-техничките услови<br>**Развојна цел 1.3. Реновирање на санитарните јазли и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.1.1 Проценка и редослед по приоритети за санација на санитарните јазли и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Формирање комисија за проценка на потреби и редослед по приоритети за санација на санитарии во тоалети и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП | Утврден е степенот на оштетеност и приоритет за санација на санитарии во тоалети | Директор<br>Комисија за проценка<br>Хаусмајстор | 2022-2026 | Компјутер<br>фотокопир<br>хартија | Директор<br>Комисија за проценка<br>Наставнички совет |
| **Конкретна цел 1.2.1 Изработување финансиски план за санирање на санитарните јазли и постаување на пристапна рампа за ученици со ПОП** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Изработка на финансиски план за санација на тоалети<br>-Барање на донатори и средства | -Утврден финансиски план<br><br>-Пронајдени донатори, средства | Директор<br>Секретар<br>Домаќин<br>Комисија | 2022-2026 | Компјутер<br>фотокопир<br>хартија | Директор<br>Комисија<br>Наставнички совет |
| **Конкретна цел 1.3.1 Обнова и санирање на санитарии во тоалетите и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Санирање и обновување на тоалетите и спроведување на пристапна рампа за учениите со ПОП | -Санирани тоалети Напревена пристапна рампа за учениите со ПОП | Донатор Избран изведувач Хаусмајстор | 2022-2026 | | Директор Комисија Хаусмајстор |

| **Приоритетно подрачје** | **Постигнувања на учениците** |
|---|---|

**Стратешка цел 2. Подобрување на поддршката на надарените ученици**
Развојна цел 2.1 Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици
Развојна цел 2.2 Промовирање на стекнатите достигнувања (дипломи), медаљи и признанија
Развојна цел 2.3 Градење стратегија за награда на талентираните ученици

Развојна цел 2.1 Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици

**Конкретна цел 2.1.1 Формирање на тим од училиштето кој ќе се обучува за работа со талентирани ученици**

| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим од училиштето кој ќе се обучува за работа со талентирани ученици | Формиран е тим за работа со талентиран и ученици | Директор Стручна служба Наставници | 2022 | Просторија | Директор Стручна служба |

**Конкретна цел 2.1.2 Селекција на провајдери за реализација на обука за работа со талентирани ученици**

| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Избор на провајдери за реализација на обуки<br>Следење на повици и аплицирање за добивање на финансиски редства за | Избран соодветен провајдер Добиени | Тим за работа со талентирани ученици Директор | 2023-2024 | Понуди Онлајн истражување Документи за | Директор Секретар Наставнички совет Училишен одбор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| посета на обуки | финансиски средства | Училишен одбор | | апликација | |
| **Конкретна цел 2.1.3 Реализација и дисеминација од обуката за работа со талентирани ученици** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Посета и реализација на обука од избраниот провајдер<br>Известување и анализа<br>Дисеминација од спроведената обука | Реализиран а обука<br>Поднесен извештај<br>Дисеминац ија | Тим за работа со талентирани ученици | 2023-2026 | ИТ уреди<br>Проектор<br>Смарт табла<br>Просторија | Директор<br>Секретар<br>Училишен одбор<br>Наставнички совет |
| **Развојна цел 2.2 Промовирање на стекнатите достигнувања (дипломи), медаљи и признанија** | | | | | |
| **Конкретна цел 2.2.1 Промовирање на достигнувањата на учениците на веб и фб страна** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Формирање на тим за промовирање на постигнувањата на учениците<br><br>Редовно известување за постигнувањата на учениците на веб страната и фб страната на училиштето | Формиран е тим за промовира ње на учениците<br>Извештај за работата на тимот | Наставници<br>Ученици<br>Стручна служба | 2022<br><br>2022-2026 | ИТ уред | Директор<br>Наставнички совет |
| **Конкретна цел 2.2.2 Промовирање на достигнувањата на учениците во училиштето** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Избор на соодветно место за | Избрано катче | Наставници | 2022-2023 | | Директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| изложување на пехарите, признанија, дипломите од постигнувањата на учениците<br><br>Опремување на промотивното катче со потребен мебел за соодветно чување на пехарите и дипломите | за промовирање на достигнувањата на учениците<br>Поставен соодветен мебел за изложување и чување на пехарите и дипломите | Ученици<br>Стручна служба | | | Наставнички совет |
| **Конкретна цел 2.2.3 Промовирање на достигнувањата на учениците преку училишен весник и брошури** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Состанување на тим за изработка на училишен весник<br><br>Подготвување и изработка на училишен весник за промоција на достигнувањата на учениците и училиштето<br><br>Подготвување и изработка на тематски брошури за промовирање на постигнувањата | Извештаи од состанок на тим за изработка на училишен весник<br>Училишен весник<br>Тематски брошури за промоција | Наставници<br>Ученици<br>Стручна служба | 2022-2026<br><br>2022-2026 | Хартија<br>Принтер | Директор<br>Наставнички совет |
| **Развојна цел 2.3 Градење стратегија за наградa на талентираните ученици** | | | | | |
| **Конкретна цел 2.3.1 Изготвување на правилник за наградување на талентирани ученици** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | имплементација | | активностите |
| Формирање на тим за наградување на талентирани ученици<br><br>Изготвување на правилник за награда на таленирани ученици | Формиран е тим за наградувањ е на талентиран и ученици Изготвен е правилник за наградувањ е на талентиран и ученици | Наставници Стручна служба | 2022 | | Директор Наставнички совет |
| **Конкретна цел 2.3.2 Тековно наградување на талентирани ученици** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Тековно наградување на талентирани ученици според донесениот правилник | Наградени ученици | Наставници Стручна служба Ученици | 2022-2026 | Награди | Директор Наставнички совет |
| **Конкретна цел 2.3.3 Донации и спонзорства за поддршка на талентирани ученици** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Соработка со локална самоуправа и приватен сектор со цел поддршка на талентирани ученици<br><br>Привлекување донации и спонзорства за поддршка на талентирани ученици | Потпишани меморандо му за соработка Донации и спонзорств а за талентира | Наставници Стручна служба Ученици Локална самоуправа Приватни | 2022-2026 | Донации спонзорства | Директор Наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ни ученици | организации | | | |

| Приоритетно подрачје | Училишна клима |
|---|---|

**Стратешка цел 3. Реализирање на активности за заштита на училиштето како дел од културното наследство**
Развојна цел 3.1. Поставување на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот
Развојна цел 3.2. Формирање тим за реализација на активностите од училиштето
Развојна цел 3.3 Соработка со родители, локална заедница и останати институции за реализација на активностите
Развојна цел 3.4. Зголемување на иницијативи од страна на учениците за реализација на активностите во кои учениците би имале носечка улога

**Развојна цел 3.1. Поставување на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот**

**Конкретна цел 3.1.1 Поставување на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Размена на мислења и определување на просторија за создавање на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот<br><br>Разговор со стручни лица за остварување на идејата – насоки, Избор на соодветна локација, Изготвување листа на потребниот човечки и материјален ресурс | Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот | Работен тим<br>Директор<br>Преставници од советот на родители,локална самоуправа и други институции | 2022-2026 | Интернет, компјутер, Хартија, принтер, | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

**Развојна цел 3.2. Формирање тим за реализација на активностите од училиштето**

**Конкретна цел 3.2.1 Формирање тим за реализација на активностите од училиштето**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тим за реализација на активностите од училиштето | Формиран тим за реализација на активностите од училиштето | Наставници стручна служба | 2022 | | Директор Наставнички совет |
| **Развојна цел 3.3 Соработка со родители, локална заедница и останати институции за реализација на активностите** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.3.1 Соработка со родители** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Дискусија и размена на идеи на Совет на родители за идните активности<br><br>Реализација на договорените активности | Извештај од Совет на родители со изнесените идеи (промоција, спонзорства акции за собирање на средства | Наставници Родители | 2022-2026 | Хартија, принтер | Директор Наставнички совет Училишен одбор Тим |
| **Конкретна цел 3.3.2 Соработка со локална заедница** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Дискусија и размена на идеи на Училишен одбор за идните активности | Извештај од состанок на | Директор Училишен | 2022-2026 | Хартија, принтер | Директор Наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Состаноци со релевантни фактори од локална заедница<br><br>Реализација на договорените активности | Училишен одбор со изнесените идеи<br>Спонзорства и донации | одбор локална заедница | | | Училишен одбор<br>Тим |
| **Конкретна цел 3.3.3 Соработка со останати институции за реализација на активностите** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Состаноци со повеќе релевантни институции и приватни организации | Спонзорства и донации | Директор<br>Тим | 2022-2026 | Хартија, принтер | Директор<br>Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Тим |
| **Развојна цел 3.4. Зголемување на иницијативи од страна на учениците за реализација на активностите во кои учениците би имале носечка улога** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.4.1 Зголемување на иницијативи од страна на учениците за реализација на активностите во кои учениците би имале носечка улога** | | | | | |
| Активности | Индикатор и за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Состаноци на Ученички парламент за поттикнување на идеи и реализација на активности<br>Реализација на активности | Извештај<br>Презентација<br>Продукти од активностите | Ученици<br>Стручна служба | 2022-2026 | компјутер, проектор, смарт табла, хартија принтер | Директор<br>Стручна служба |

## 8.Соработка на училиштето со родителите/старателите

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како Советот на родители и Училишниот одбор. Советот на родители е формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности: дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред.

Во текот на учебната година е се планирани приемни и отворени денови на кои што родителите имаат можност подетално да се информираат за постигнувањата кај секој наставник поединечно. Родителите/старателите се вклучуваат во процесот на учење и вonнаставните активности преку: давање совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни односи, советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот, пружање помош во благовремено откривањена надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот развој, педагошко – психолошка едукација на родителите, училиштето има постојано добра соработка со родителите, но таа треба да биде посуштинска односно поголема и конкретна вклученост на родителите во активности кои ќе го подобрат воспитно – образовниот процес во училиштето.

Училилиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку фејсбук и веб страната, соопштенија, брошури, флаери и слично. Стручната служба овозможува и секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори со родителите, советувања на родители при што со одредена целна група врши едукација на родителите на ученици кои имаат слаб успех, голем број изостаноци или покажуваат асоцијално и несоодветно однесување. Советувањето на родителите е облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот педагог и психолог. Едукацијата на семејството се прави и на родителски средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители според условите и потребите на паралелката. Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно консултативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието иполесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.

## 9.Соработка на училиштето со општината, институции од областа на образованието, НВО, и др.

Училиштето има воспоставено континуирана соработка со музеите на град Скопје. По тој повод се организираат работлници на тема **„Музеите се наше културно богатство“** со цел развивање правилен однос и подигање на свеста за соработка помеѓу училишта од различна етничка заедница и локална самоуправа, да ја запознаат културната различност во своето место на живеење и да ги почитуваат различните културни богатства.

Ваквите активности ќе влијаат кај учениците, како и локалната заедница бидејќи ќе се постигнат следните резултати:

- надминување на стереотипите и предрасудите кај децата поврзани со нивното етничко, верско и културно потекло
- поттикнување за почитување на меѓусебните различности
- оспособување на учениците за конструктивно решавање на конфликтните ситуации во групата
- развивање позитивна емоционална клима во групата со хетерогена етничка структура
- зајакнување на интеракцијата, соработката и довербата помеѓу наставниците и родителите од двете етнички заедници
- развивање на детските таленти, интереси и способности во согласност со индивидуалните потенцијали
- развивање на позитивна емоционална клима во групата со хетерогена етничка структура со цел оддржување на висок индекс на групна кохезија;
- поддржување на детската љубопитност, оригиналност, како и нивните творечки потенцијали

Училиштето постојано ги унапредува организациските вештини, да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа училиштето и да се промовира на тој начин. Подрачјето за соработка со локалната самоуправа е основа за воспоставување на врска помеѓу претставници од локалната самоуправа и училиштето. Основна цел на оваа соработка е да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен. Ќе се реализираат активности во неколку нивоа:

• Учествување во одбележување на настани од локален карактер;

• Остварување бројни активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за граѓаните од средината во која работи и живее училиштето тоа следните активности:

• Ликовни и литературни конкурси, изложби, промоции;

• Одржување отворени трибини и теми за актуеализирање на одредени тековни проблеми и промовирање на работата на училиштето, планирање и реализирање отворени емисии, разни соопштенија на локалните медиуми;

• Изработка и промовирање проекти, донаторски акции, манифестации, саеми на креативност;

Училиштето ќе продолжи со континуирана помош на учениците од социјално ранливите категории, во обезбедување материјали за работа, бесплатно учество на екскурзии, постојана соработка со Црвениот крст и други организации и здруженија.

Соработката на училиштето со институциите ќе се одвива во насока на подобрување на просторните услови за работа во училиштето, унапредување на воспитно – образовните цели, учество во општествено корисна работа, културни и спортски манифестации, имплементирање на проекти и сл. Дел од институциите со кои училиштето соработува се следните:

- МОН, БРО, ДПИ, Сектор за образование на општина Центар заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, поддршка во работењето итн.
- Детските градинки во околината заради преземање на ученици во прво одделение
- Основните училишта од општината и пошироко заради размена на информации, искуства и взаемна помош во работата
- Средните училишта во општината и пошироко заради информации за продолжување на образованието на нашите ученици, како и

следење на учениците запишани таму итн.

- Факултети заради стручно усовршување на наставниот кадар, советување, организирање натпревари и семинари
- Здравствени организации (Поликлиника Бит Пазар)
- Спортски друштва
- Медиуми заради промоција на училиштето и достигнувањата на учениците
- Невладини организации и здруженија
- Домови за стари лица, Домови за деца без родители, Ресурсни центри
- Театри, музеи, кина, ЗОО, библиотеки, културни центри

## 10.Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| 1. Подобрување на материјално-техничките услови | -Финансиски планови, записници и извештаи од комисии за реализација на планираните активности, согледувања од годишни извештаи на училиште, протоколи за следење и сл. во време на реализација на активности | Директор<br>Секретар<br>Домаќин<br>Стручен тим | Наставничкиот совет<br>Совет на родители УО<br>Локална самоуправа |
| 2. Подобрување на поддршката на надарените ученици | - Евалуација на планираните активности<br>- Дискусии<br>- Прашалници<br>- Записници<br>- Извештаи | Тимови, директор, стручна служба | Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>Училишен одбор<br>Локална самоуправа |
| 3. Реализирање на активности за заштита на училиштето како дел од културното наследство | Записници и извештаи од состаноците и реализираните активности | директор, родители, ученици, стручна служба | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Локална самоуправа |

## 11.Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училштето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација. Тие тоа ќе го реализираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 12.Заклучок

Развојна програма на училиштето ќе опфати повеќе активности кои ќе се реализираат во период од четири години. За успешна реализација на сите активности содржани во подрачјата од воспитно – образовната работа на наставниците со учениците од сите нејзини аспекти формирани се седум тимови во кои се опфатени сите наставници поделени по подрачја тоа:

Подрачје 1: Наставни планови и програми,

Подрачје 2: Постигања на учениците,

Подрачје 3: Учење и настава,

Подрачје 4: Поддршка на учениците,

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето,

Подрачје 6: Ресурси,

Подрачје 7: Управување и раководење.

За изготвување на Развојната програма беа користени насоките од **Законот за основно образование**, од Интегрална евалуација на училиштето и **Правилник за формата и содржината** на Развојната програма, Согледувања од интегралната евалуација за квалитетот на работата на училиштето изготвени од ДПИ. Од спроведената Самоевалуација, преку конкретни анализи и осврти на сите области од работењето на училиштето се доби комплетна слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, од кои произлегоа јаки и слаби страни, можности и закани. Како резултат на собраните податоци произлегоа три стратешки цели:

1. Подобрување на материјално-техничките услови
2. Подобрување на поддршката на надарените ученици
3. Реализирање на активности за заштита на училиштето како дел од културното наследство

## 13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Соња Кирковска - директор
2. Маја Ѓорчевска –Затуроска- педагог
3. Елизабета Христовска-Ичева – предметен наставник
4. Нела Слезенкова Никовска - одделенски наставник
5. Биљана Стојановска - одделенски наставник
6. Вера Дамјановска-родител

## 14.Користена литература


1. Сеопфатна стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план
2. Самоевалуација на училиштето 2017/2019 година
3. Самоевалуација на училиштето 2019/2021 година
4. Годишна програма за работа на училиштето 2021/2022 година
5. Годишен извештај 2020/2021
6. Конечен извештај од интегрална инспекција